Република Македонија
Влада на Република Македонија

[redacted]

ДО АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

СКОПЈЕ

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 42-2079/1
5.03.2014 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

И З В А Д О К
од Нацрт – записникот од Сто и деведесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.03.2014 година

„ТОЧКА 28: Информација за вклучување на општините во Програмата за зголемување на нивото на вклученост на учениците во системот на натпревари и спортски активности од училишниот спорт во 2014 година

Владата ја разгледа Информацијата за вклучување на општините во Програмата за зголемување на нивото на вклученост на учениците во системот на натпревари и спортски активности од училишниот спорт во 2014 година (нов текст) и притоа заклучи:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт за третата редовна седница на Владата да подготви и достави нов акциски план за реализација на масовни спортски активности за зголемување на нивото на вклученост на учениците во системот на натпревари и спортски активности од училишниот спорт во 2014 година, а се до усвојување на новиот акциски план Агенцијата за млади и спорт да да ги реализира активностите од веќе усвоениот Акциски план за 2014 година.

2. Новиот акциски план да содржи:

- активности за секое училиште поединечно, кои ќе опфаќаат континуирани тренинзи на учениците во текот на целата година (или во текот на учебната година), т.е. во секое училиште да има воспоставен систем на спортски активности за сите спортови: фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пливање, во зависност од условите во училиштата (училиштата кои немаат сала да користат спортови за кои не е потребно сала) и: пинг-понг, тенис, џудо, бокс и др. како и турнири (пример: еднаш или два пати

месечно општински натпревар - училиште со училиште, еднаш неделно клас со клас);

- активностите во акциски от план да ги опфаќаат сите училишта, за сите спортови и да се анимираат 36% од учениците за следната година, а оваа година училиштата да се стремат да анимираат колку што е можно поголем број ученици;

- активностите да започнат од септември 2014 година со прецизирање кој ученик кои спортови ги тренира, со редовни тренинзи 2-3 пати неделно, распоред по сали и др., како и одговорни лица за тренинзите и

- Најмалку 1/3 од учениците во секој клас или во генерацијата да тренираат дополнителен спорт.

За оваа цел, директорот на Агенцијата за млади и спорт да оствари средба поединечно со училиштата во врска со ова, а исто така во овој процес да бидат вклучени и Спиро Ристовски, министер за образование и наука и Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

По усвојување на акциски от план, директорот на Агенцијата за млади и спорт да ги посетува училиштата и да ги следи активностите во училиштата, согласно акциски от план.

3.Се задолжува Министерството за образование и наука во курикулумите по физичко образование да пропише обврска на училиштата да формираат училишни спортски клубови заради омасовување на спортот."

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Кирил Божиновски

ДОСТАВЕНО И ДО:

- **Спиро Ристовски, министер за образование и наука**
- **Марјан Спасески, директор на Агенцијата за млади и спорт**
- **Федерацијата на училишен спорт на Македонија**

Подготвил: Биљана Цоневска
Контролирал. Љубица Р. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска